ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-192/3**

**Дата: 17.01.2011**

ДО

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„РАМПО ЛЕВКАТА" - ПРИЛЕП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинско основно училиште „Рампо Левката" – Прилеп (во понатамошниот текст ООУ „Рампо Левката") на сметката на основен буџет за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека училиштето има добиено опрема од друг државен орган по пат на преотстапување на трајно користење, за која не е обезбедена потребна документација (договор и писмено известување за вредноста на опремата) согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, како основ за евидентирање на опремата во Билансот за состојба на ден 31 декември 2009 година .

За надминување на утврдената состојба потребно е да се регулираат правата и обврските помеѓу примателот и давателот на опремата со договор и да се утврди вредноста на истата заради евидентирање во сметководството.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на ООУ „Рампо Левката„ - Прилеп на сметката на основен буџет за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 21 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ООУ „Рампо Левката„ – Прилеп за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Соња Блажеска, директор од 21.05.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „ Цели и делокруг на ревизијата” ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот има добиено опрема од државен орган по пат на преотстапување на трајно користење која не е евидентирана во сметководствената евиденција поради необезбедени веродостојни документи за утврдување на правото на сопственост и вредноста на истата. Поради прашањето изнесено погоре ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.10.2010 година до 22.11.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 10.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 06.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-165/5 од 06.12.2010 година.

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1. Ревизијата не се увери во објективното и реално прикажување на постојаните средства на училиштето, евидентирани на ден 31 декември 2009 година, поради следното:

Училиштето има добиено опрема од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество заради вршење на основната дејност, во рамки на проектот „Компјутер за секое дете“, и тоа: 128 преносни компјутери; 168 персонални компјутери, 156 тин клиенти; 126 училишни клупи со 252 училишни столчиња; 1 ЛЦД проектор, 1 печатач и 1 мултифункциски уред. Опремата е примена од страна на одговорно лице во училиштето, но истата не е евидентирана во деловните книги на училиштето согласно член 19 од Законот за сметководсвото за буџетите и буџетските корисници. Ревизијата констира дека не е потпишан договор за отстапување на опремата помеѓу директорот на училиштето и министертвата согласно член 54 и 54- а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, ниту добиено известување за вредноста на истата. Ваквата состојба има за ефект нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состоба на ден 31 декември 2010 година.

**Препорака**

Училиштето да обезбеди потребна документација од надлежното министерство за утврдување на вредноста на добиената опрема и да изврши сметководственото воведување на новопримената опрема во деловните книги.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесеното во точка 3.1.1 кое се однесува на неизвршено сметководственото евидентирање на добиената опрема во сметководсвената евиденција, што е од материјално значење, ревизијата се воздржа од давање мислење во однос на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година .

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ООУ „Рампо Левката“ – Прилеп, сметка на основен буџет, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 11.01.2011 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 0 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **0** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **0** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 2.543 | 2.543 |
| Материјални средства | 5.257 | 5.387 |
| **Вкупно постојани средства** | **7.800** | **7.930** |
| **Вкупна актива** | **7.800** | **7.930** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 7.800 | 7.930 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **7.800** | **7.930** |
| **Вкупна пасива** | **7.800** | **7.930** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕГЛЕД** | | | |
| **НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА** | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **7.930** | **-** | **7.930** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **184** | **-** | **184** |
| Набавки | 25 | | **25** |
| Вишок по попис | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални | 159 | | **159** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **314** | **-** | **314** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 314 | | **314** |
| Корекции амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **7.800** | **-** | **7.800** |